Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22), Општина Штип, на ден 05.07.2022 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на проектен опфат КО Три Чешми-вон град со инсталирана моќност до 10MW, Општина Штип, кој го донесува Совет на Општина Штип програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститори, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички проект се определуваат следните: Општина Штип, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија.

3. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на проектен опфат КО Три Чешми-вон град со инсталирана моќност до 10MW, општина Штип, за чија изработка е одговорно ДПТУИ Идеа-Консалтинг ДООЕЛ Струмица, а го донесува Советот на општина Штип, имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин.Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина.

4. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Штип на www.stip.gov.mk

5. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 18-3709/2 од 05.07.2022 год.
Место: Општина Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов